

# ВИДЕО: Драма во Галеријата Остен

18/02/2013 - 14:07 2,787

Од: **А1он**

SHARE

[staff name="Темјана Поповска" position="Автор"][/staff]Уметникот Јован Балов од Прима Ценар Берлин ја врати наградата „Петар Хаџибошков" која во 2011 година му ја доделии Галеријата Остен. Балов влезе во Галеријата каде директорот Мице Јанкуловски не сакаше да го прими, а тој не сакаше да се соочи со него, по што ја остави статуетката.

Целото недоразбирање меѓу Балов и Галеријата Остен, според уметникот потекнува откако потпишале договор тој да биде куратор на 10 германски сликари, кои требало да изложуваат во Скопје.

Балов обезбедил 10 уметници, потпишал договор за курирање на изложбата со Остен, меѓутоа недоразбирањето настанало кога тој открил дека Музејот на цртеж, каде што било договорено да бидат изложувани делата, всушност воопшто не постои. Како дополнителна причина Балов наведува дека во отворениот повик кој требало да го потпишат уметниците, стоело дека тие треба да ги оставт своите дела во истиот музеј кој како што тврди Балов, никаде го нема во Скопје.

Тој ја врати статуетката затоа што со целата збрка според него бил нарушен неговиот авторитет и углед на берлинската сцена. Револтиран е и што во целата приказна, според него, портретот што тој го насликал за синот на директорот на Остен, бил оспорен. Балов, кој е познат по неговото реалистично сликање, вели дека го обвиниле дека го насликал портретот врз фотографија.




Дополнително, на Балов освен статуетка која ја добил за неговите уметнички достигнувања од Остен, тој обвинува дека никогаш не ја добил и финансиската награда од 5000. долари.
Обидите на Балов за координирање и соработка со Остен веќе подолго време биле игнорирани од страна на галеријата.

Почетокот на судирот меѓу уметникот и Галеријата кулминирал 2012 година во галериските простории на Југоисточно Европскиот културен центар во Берлин, каде што Јован Балов организирал ревијална изложба и презенатација на галеријата „Остен" и светската изложба на цртеж.

## 2 COMMENTS

**або** REPLY
18/02/2013 - 17:13 at 17:13

Абре Балов, ништо не научи во Берлин џабе си као во ЕУ , ист си остана, селски расправии. Јадно.

**менаџер** REPLY
18/02/2013 - 19:27 at 19:27

што е всушност причината
Парите....?
па што е галерија ОСТЕН,не е своевиден Музеј на цртеж?барање гачка
Само се збори за авторски права на авторите но кој ги почитува правата (и условите под коиу работат) организаторите во овој случај ОСТЕБ

## LEAVE A COMMENT

Your Comment

Name* Email* Website

Save my name, email, and website in this browser for the next time I comment.

PLEASE ENTER AN ANSWER IN DIGITS:

one × 3 =

SUBMIT


КОРОНАВИРУС од минута во минута

годишен пациент
пред 12 минути

Лос Анџелес ќе им исклучува стру вода на граѓаните кои прават дома журки за време на пандемијата
пред час

Австралија ги затвора границите поради Ковид-19
пред 3 часа

Албанскиот претседател Мета бар итни мерки од Владата: Ништо не поважно од животите на граѓаните
пред 4 часа

МЗ: Правилното и редовно носење заштитни маски е клучно во борба против Ковид-19
пред 5 часа

Пет милиони жители на Мелбурн с денеска во шестнеделен карантин
пред 5 часа

Во Франција вчера најмногу новозаразени со коронавирус во последните два месеци
пред 6 часа

Кина дневно тестира по речиси пе милиони луѓе за коронавирус
пред 6 часа

Вонредна состојба во дел од Јапо поради коронавирусот
пред 7 часа

Две третини од Италијанците не в во кафеана од олабавувањето на








FACEBOOK LIKE
TWITTER FOLLOW
INSTAGRAM FOLLOW
YOUTUBE SUBSCRIBE


## НАЈЧИТАНИ



**Сателитски снимки: Како изгледаше бејрутското пристаниште пред и по експлозијата**
05/08/2020 - 18:19



**ВИДЕО: Ново жариште на Блискиот Исток, пожар и експлозија во Емиратите**
05/08/2020 - 20:06



**Прогласена кризна состојба на дел од територијата на Македонија поради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти**
05/08/2020 - 15:32



**Зголемен бројот на заразени полицајци, вирусот најмногу се шири во Скопје**
06/08/2020 - 13:13



**Албанска манекенка и српски возач на „Убер" во конфликт поради албански песни**
06/08/2020 - 12:40









@2019 - А1он. Сите права задржани.
Member of Clip Media Group